opfolio.

# Доставување на податоци и нивно објавување на интернет страницата на Македонска берза

**До**

**Македонска Берза АД Скопје**

ОПФОЛИО АД Скопје со ЕМБС: 7490372, Ви ги доставува податоците кои согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност има обврска да ги објави на интернет страницата на Македонска берза.

1. Табела која содржи податоци согласно член 166-б ст. 1 алинеја 1 од Законот за хартии од вредност, а согласно финансиски извештаи усвоени на Годишното собрание на друштвото на ден 29.06.2024 година и тоа: приходи (вкупно), добивка од редовно работење пред оданочување, добивка за финансиската година, нето готовински тек, добивка за финансиска година по акција.

| Ред. бр. | Известување согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност | Податок |
|---|---|---|
| 1. | Приходи (вкупно) | 4.768,676.00 |
| 2. | Добивка од редовното работење пред од оданочување | 3,640,713.00 |
| 3. | Добивка за финансиската година | 3,593,026.00 |
| 4. | Нето готовински тек | 819.117.00 |
| 5. | Добивка за финансиска година по акција. | 359.3 |

opfolio.

2. Податоци согласно чл. 166-б ст. 1 алинеја 4:
На 11.04.2024 година, Собранието на акционери на ОПФОЛИО АД Скопје донесе одлука за отповикување на сите членови на Одборот на директори на Друштвото: Васко Богдановски - Извршен член на Одборот на директори, Игор Мишевски - Независен неизвршен член на Одборот на директори, и Сузана Трајковска Кочанковска - Неизвршен член на Одборот на директори. На истата седница на Собранието на акционери на ОПФОЛИО АД Скопје, донесена е одлука за избор на Васко Богдановски, Игор Мишевски и Сузана Трајковска Кочанковска за членови на Одборот на директори, и со која Сузана Трајковска Кочанковска се избира за независен неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото.

Одборот на директори на ОПФОЛИО АД Скопје на својата седница одржана на 12.04.2024 година, донесе одлука за избор на Васко Богдановски за извршен член во Одборот на директори и одлука за избор на Игор Мишевски за неизвршен член во Одборот на директори и за Претседател на Одборот на директори.

3. Податоци согласно чл. 166-б ст. 1 алинеја 5:
На Собранието на акционери на ОПФОЛИО АД Скопје одржано на 11.04.2024 година беше донесена одлука за зголемување на основната главнина со издавање на обични акции со право на глас од 2 (втора) емисија по пат на приватна понуда. По издаденото Решение за одобрение за издавање на акции по пат на приватна понуда од страна на Комисијата за хартии од вредност бр. УП-10-43 од 29.05.2024 година, успешно се реализираше приватната понуда, по што Друштвото издаде нови 2.000 (две илјади) обични акции, а својата основна главнина ја зголеми за дополнителни 200.000,00 (двесте илјади) евра. Зголемувањето на основната главнина е соодветно запишано во Централниот Регистар, а новите обични акции и податоци за новите акционери се запишани во Централниот Депозитар за Хартии од Вредност.

Скопје, 17.07.2024

Опфолио АД Скопје
Извршен директор

Друштво за информатичка технологија, инвестиции и советодавни услуги • ОПФОЛИО АД Скопје